СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-1046/31
Скопје, 27.10.2021 година

Врз основа *член 21 став 1 точка 14* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 118/2021) и Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр. 263/2020, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **11-та** седница, одржана на **27.10.2021** година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**за усвојување на пречистен текст на Правилникот за стручен испит**

**Член 1**

Се усвојува предложениот **пречистен текст** на Правилникот за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, усвоен на седницата на Извршниот одбор на Комората, одржана на ден 21.08.2021 година.

**Член 2**

Пречистениот текст на Правилникот од член 1 е изготвен согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр. 263/2020 од 24.06.2021 година *(Сл.весник на РСМ бр.152/2021)*.

Со Одлуката У.бр. 263/2020 **СЕ УКИНУВА член 5 ставови 3 и 4** од Правилникот *за* составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверката на стручните знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, број 02-438/3 од 2 мај 2020 година (Службен весник на РСМ бр. 148/2020), донесен од Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на веб-страната на Комората.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk